РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧАШКА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Примено: 21.12.2006
08 | 2405/2 | - |

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр.39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на донесувачот на планот - Општина Чашка го донесе следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр 15-4382/4
18.12.2006 год.
Скопје

**РЕШЕНИЕ**

**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Чашка се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички план за село Чашка** (измена и дополна).

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр.22306**, се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План за село, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилог кој претставува извод од планот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Чашка врз основа на член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл. Весник на РМ" бр.39/04), до Министерството за животна средина и просторно планирање поднесе барање Бр.15-4382/1 од 03.10.2006 година, за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План за село Чашка.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за Услови за планирање на просторот. Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ", бр.51/05), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План за село, како составен дел на Решението за Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите за изработка на Урбанистички План за село Чашка, и истите треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија представуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.Весник на РМ" бр.39/04), **го издава Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички План за село Чашка.**

Врз основа на гореноведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл.Весник на РМ" бр.38/05), Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПОУКА:** Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Влада на Република Македонија, за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина.

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Даница Павловска

**МИНИСТЕР**
**ИМЕР АЛИУ**